EUROPEANMOBILITYWEEK
16-22 SEPTEMBER 2016

**Европскиот ден без автомобили - 22 септември**
**во рамките на Европската недела на мобилност**

Општина Битола активно се вклучува во одбележувањето на „**Европската недела на мобилност**", која годинава се одбележува под мотото „Паметно движење – силна економија".

Целта на Европската недела на мобилност е да се развие дијалог помеѓу сите засегнати страни за различни аспекти на движење (мобилност), да се предлагаат и тестираат иновативни сообраќајни решенија, нови технологии или мерки за планирање на урбаниот транспорт со што ќе се намали употребата на автомобили и ќе се редуцираат емисиите на штетни гасови во воздухот.

Овогодинешните активности се во насока на упатување силна порака дека со мудро одбирање на начинот на секојдневен транспорт, го заштедуваме домашниот буџет, го подобруваме нашето здравје, воедно ја заштитуваме животната средина и го намалуваме загадувањето од транспортот.

Почетокот ќе биде на плоштад „Магнолија" од 11.00 часот, а ќе се вози по „Булевар 1 Мај" од страната на Општината до кружниот тек на Црн Мост и назад по „Булевар 1 Мај" до плоштад „Магнолија".

На настанот ќе земат учество ученици од основните училишта, ЗГ „Биосфера", граѓанска иницијатива „Битола на точак ", Советот на млади при Општина Битола, а истиот се реализира и во соработка со СВР – Битола.

Активно учество можат да земат и сите заинтересирани граѓани, здруженија, НВО или други правни лица, кои своите активности ќе ги пријават на мејл адресата contact@bitola.gov.mk најдоцна до петок, 16.09.2016 година

Општина Битола, ги поканува сите граѓани кои имаат свои предлози на тема: „Паметно движење – силна економија", истите да ги испратат на email: contact@bitola.gov.mk..

Лице за контакт: Цветанка Ристевска, Советник за односи со јавност, тел.047/208339.



